Предлагач: Влада на Република Северна Македонија

Претставници: д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија и

м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија

Повереници: д-р Јовица Палашевски, државен секретар во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија,

Крум Ефремов, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и

Весна Јовановска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

# Предлог на закон
# за пријавување и проверка на странски директни инвестиции (*)

Скопје, јули 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Северна Македонија не постои закон или подзаконски акт што предвидува каков било општ процес на скрининг на странски директни инвестиции (СДИ) за време на постапката на воспоставување или натамошно менување на контролата на одредени СДИ од аспекти на ефектот што таквите СДИ може да го имаат врз националната безбедност, јавниот ред и стратешкиот интерес на земјата.

Од аспекти различни од националната безбедност, јавниот ред и стратешкиот интерес на земјата, постојат скрининг процеси на СДИ и тоа од:

1) аспект на конкурентноста (Ако одредена СДИ или промена на сопственоста на веќе воспоставена СДИ исполнува одредени финансиски услови, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе процени дали таквата СДИ може да влијае на конкурентноста во нашата земја);

2) регулаторен аспект (Одредени СДИ кои вклучуваат основање компанија за вршење одредена лиценцирана активност (банки, финансиски друштва, друштва за управување со инвестицсики фондови, осигурителни друштва, друштва кои работат во енергетскиот сектор, електронски комуникации и др.) се подложни на специфична регулаторна анализа од страна на регулаторот пред реализирањето на СДИ или понатамошната промена во сопственоста во постојната СДИ. Сепак, оваа анализа е повеќе од аспект на можноста СДИ да ја вршат конкретната регулаторна активност, а не од аспект на националната безбедност, јавниот ред и стратешкиот интерес на земјата).

3) аспект на државна помош (Ако СДИ исполнуваат одредени финансиски и оперативни услови, таквите СДИ се стекнуваат со право да ја користат државната помош што ја нуди Владата. За време на процесот на примена и доделување државна помош, подносителот на барањето ќе биде подложен на испитување од страна на надлежниот орган што ја доделува државната помош. Сепак, овој процес на скрининг главно се фокусира на можноста на апликантот да го реализира инвестицискиот проект за кој бара доделување државна помош) и

4) процес на регистрација на основање и подоцнежни промени на СДИ (Ваквата регистрација ја извршува резидентниот субјект во кој е извршена инвестицијата во рок од 60 дена од денот на настанување на основање или промена на СДИ. Регистрацијата се врши во посебен регистар на СДИ што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија. Овој регистар на СДИ е воспоставен со закон, за целите за извршување на регистрацијата на СДИ. Регистрацијата се спроведува главно за статистички цели и не се спроведува никаква процена од аспект на ефектите кои СДИ ќе ги има врз националната безбедност, јавниот ред и стратешкиот интерес на земјата, пред процесот на регистрирање на СДИ. Регистрирањето се спроведува согласно Законот за девизно работење на Република Северна Македонија).

И покрај тоа, што во Република Северна Македонија се уште не постои конкретно законско решение што предвидува скрининг на СДИ од аспект на националната безбедност, јавниот ред и стратешкиот интерес на земјата, постојат ограничен број посебни закони со кои е утврдена обврската за скрининг на СДИ во одредени сектори.

Сепак, постојните скринг механизми сè недоволно развиени и сè со ограничен капацитет.

Согласно постојното национално законодавство, може да се идентификуваат механизми за скрининг од аспект на националната безбедност и одбраната, во:

1) секторот одбрана (производство и трговија со оружје и воена опрема; увоз-извоз, транзит, брокеринг и неутрализрање одредени производи поврзани со националната безбедност и одбраната и склучување договори за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста) и
2) секторот енергетика (во постапка на издавање лиценца за вршење енергетски активност).

Имајки ги во предвид ограничените скрининг механизми, токму донесувањето посебен закон е соодветен пристап за нашата земја, од причина што ќе им овозможи на деловниот сектор и на странските инвеститори на едноставен начин да се запознаат со законската рамка на скринингот, а со тоа и со нивните права и обврски. Ова за возврат, би овоможило да се избегне комплексна и сложена имплементација на скрининг механизмот.

Потребата од изготвување и донесување на Законот за пријавување и проверка на СДИ е еден од приоритетите на нашава земја во рамки на Стратешкото партнерство со САД, а воедно е дел и од Препораките на Европската комисија од Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија за 2025 година, во рамки на поглавјето 30-Надворешни односи.

Предлогот на закон е подготвен во текот на 2025 и 2026 година од страна на Работна група формирана од Владата, која во поголем дел функционираше во потесен состав определен од министерот за европски прашања, а која РГ во својство претседател ја координираше претставник од Министерството за европски прашања и со учество на претставници од голем број надлежни институции. Активноста на Работната група беше подржана од страна на Амбасадата на САД во Скопје, преку Програмата за развој на трговското право (CLDP) во рамки на Министерството за трговија на САД, како и ИДСЦС Институтот за демократија „Социетас Цивилис" Скопје. На овој начин, во текот на изготвувањето на Законот, одржани се три Работилници во Скопје и една во Љубљана, во рамки на кои, на членовите на Работната група, од страна на странски експерти, им беа споделени искуствата на законските решенија во земји кои години наназад имаат воспоставено национален скрининг механизам, како што се САД, Чешка, Словенија, Романија и Литванија. Оттука, имајќи ги во предвид искуставата од овие земји, како и Регулативата на ЕУ 2019/452 од 19 март 2019 година за воспоставување рамка за скрининг на СДИ во Унијата, Работната група го поготви Предлогот на закон за пријавување и проверка на СДИ, кој Министерството за надворешни работи и надворешна трговија го доставува до Владата на разгледување и утврдување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Цели на овој закон се воспоставување транспарентна и ефикасна процедура за пријавување и проверка на СДИ; идентификување и проценка на потенцијалните ризици од СДИ за националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси; зајакнување на правната сигурност за странските инвеститори и трговските друштва во Република Северна Македонија и спречување СДИ од странски инвеститори кои се предмет на санкции или други рестриктивни мерки донесени од страна на Советот за безбедност на Обединетите нации и Европската Унија.

Предлогот на закон се заснова на начелата на законитост, транспарентност и недискриминација, пропорционалност, ефикасност на постапката, непристрасност и правна заштита.

Основно решение предвидено со Предлогот на закон е воспоставување национален механизм за скрининг на СДИ, преку кој би се спроведувале пријавувањето и проверката на СДИ во стриктно утврдени критични и сензитивни сектори во Република Северна Македонија, доколку за ваквите СДИ постојат серизони индиции дека нивното реализирање би имале негативен ефект врз националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси на нашата земја. Оттука, мошне битно е да се нагласи дека со Предлогот на закон не се воведува забрана, а со тоа и обврска за пријавување и проверка за секоја СДИ што влегува во нашата земја.

Согласно предложеното законско решение, СДИ може да се реализира со претходно донесена позтивна одлука или условно позитивна одлука од страна на Владата на Република Северна Македонија, заради стекнување најмалку 10% од основната главнина, и/или правото на глас, но во износ не помал од 50.000 евра во трговско друштво, сектор или критична инфраструктура, конкретно утврдени со членот 8 од Предлогот на закон.

Понатаму, со оглед на тоа, што во нашата земја не постои посебен законски или подзаконски акт со кој се утврдени секторите на критичната инфраструктура, со предложеното законско решение се дава правен основ, Владата, на предлог на Министерството за одбрана, да ги утврди секторите и видовите на критична инфраструктура, за целите утврдени со овој Закон.

Надлежен орган за пријавување и проверка на СДИ согласно овој закон, се предлага да биде Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, кој по претходно спроведена постапка на консултации со надлежните институции (МО, МВР, МФ, МЕТ, АНБ, НБРМ, МЕРМС, КЗК и др.) и дава предлог на Владата, за да одлучи дали одредена СДИ треба да биде дозволена, дозволена под одредени услови или одбиена.

Против одлуката на Владата инвеститорот има право да поведе управен спор пред надлежниот суд во согласност со Законот за управни спорови.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, бидејќи со истиот се предвидува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да воспостави, развие и одржува сеопфатен информатички систем за одобрување странски директни инвестиции, со база на податоци за пријавени, одбиени и одобрени странски директни инвестиции.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија, кои се наведени во Образецот за фискални имапликации.

## V.УСОГЛАСЕНОСТ НА ЗАКОНОТ СО ИЗВОРИТЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Овој закон се усогласува со Регулативата ЕУ 2019/452 на Европскиот парламент и на Советот од 19 март 2019 година за воспоставување рамка за скрининг на странски директни инвестиции во Унијата (CELEX бр.32019R0452).

Предлог на закон
за пријавување и проверка на странски директни инвестиции (*)

Предмет на уредување
Член 1

Со овој закон се уредува постапката за пријавување и проверка на странски директни инвестиции (во натамошниот текст: СДИ) во Република Северна Македонија со цел да се заштитат националната безбедност и јавниот ред и стратешките интереси, како и надлежностите на институциите и телата за спроведување на одредбите од овој закон.

Целите на овој закон
Член 2

Целите на овој овој закон се:
- воспоставување транспарентна и ефикасна постапка за пријавување и проверка на СДИ;
- идентификување и проценка на потенцијалните ризици од СДИ за националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси;
- заштита на јавното здравје и животната средина;
- донесување образложени одлуки во врска со потенцијалните СДИ;
- зајакнување на правната сигурност за странските инвеститори и трговските друштва во Република Северна Македонија и
- спречување СДИ од странски инвеститори кои се предмет на санкции или други рестриктивни мерки донесени од страна на Советот за безбедност на Обединетите Нации и Европската Унија.

Дефиниции
Член 3

(1) За потребите на овој закон, одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значање:
1) „Странска директна инвестиција“ е инвестиција од секој вид направена од странски инвеститор чија цел е воспоставување или одржување трајни директни или индиректни врски помеѓу странскиот инвеститор и трговското друштво со регистрирано седиште во Република Северна Македонија, за вршење економска активност, со првото и секое последователно директно или индиректно стекнување на најмалку 10% од основната главнина или правото на глас, со што се обезбедува ефективно учество или контрола;
2) „Странски инвеститор“ е физичко лице државјанин на странска држава или правно лице со регистрирано седиште во странска држава кое има намера да реализира странска директна инвестиција во Република Северна Македонија или веќе има реализирано таква инвестиција. Странски инвеститор е исто така физичко лице државјанин на странска држава или правно лице регистрирано во странска држава кое директно или индиректно поседува најмалку 10% од основната главнина или правото на глас во правно лице основано во Република Северна Македонија и кое има намера да реализира странска директна инвестиција во Република Северна Македонија или веќе има реализирано таква инвестиција;
3) „Краен инвеститор“ е физичко лице државјанин на странска држава или правно лице (вклучително и државни институции, организации или група на физички лица) со регистрирано седиште во странска држава, кое не е контролирано од друго лице и кое

(*) Со овој закон се врши усогласување со Регулативата ЕУ 2019/452 на Европскиот парламент и на Советот од 19 март 2019 година за воспоставување рамка за скрининг на странски директни инвестиции во Унијата (CELEX бр.32019R0452).

поседува, директно или индиректно, најмалку 10% од основната главнина или правото на глас кај странски инвеститор;
4) „Трговско друштво“ е правно лице основано согласно Законот за трговските друштва, вклучувајќи и подружница на странско друштво;
5) „Подружница на странско друштво“ е подружница на правно лице кое врши профитна дејност и има регистрирано седиште надвор од Република Северна Македонија;
6) „Контролен праг“ е можност за вршење одлучувачко влијание врз правното лице, преку сопственост, финансиски договори, право на глас, членство во органи на управување и органи на надзор, статусни промени (спојување, присоединување и поделба), преземање, располагање со удели, односно акции, или други средства и начини кои овозможуваат ефективно управување или насочување на работењето на друштвото согласно закон;
7) „Критичната инфраструктура“ ги опфаќа капацитетите кои се од клучно значење за државата и чие прекинување или уништување би влијаело значително и би имало сериозни последици врз националната безбедност, јавниот ред, стратешките интереси, економската стабилност, финансиската стабилност, здравјето на граѓаните, заштитата на основните права и слободи на граѓаните и одржливиот развој;
8) „Чувствителни технологии“ се технологии кои се од стратешко значење за Република Северна Македонија, како што се технологии со двојна употреба согласно Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, вештачка интелигенција, биотехнологија, полупроводници, квантни технологии, роботика, сајбер безбедност, технологии поврзани со вселената и други технологии;
9) „Стратешки интереси“ се интереси кои се од суштинско значење за функционирањето на државата и општеството во Република Северна Македонија, како членка на Организацијата на Северноатлантскиот договор (NorthAtlanticTreatyOrganization - НАТО), а се поврзани со националната безбедност, јавниот ред, економската стабилност, финансиската стабилност, здравјето на граѓаните, заштитата на основните права и слободи на граѓаните и одржливиот развој и
10) „Постапка за проверка“ е постапка која овозможува оценка, испитување, условување, забрана или одобрување на странска директна инвестиција.
(2) Изразите коишто се употребуваат во овој закон во однос на контролата над управување со трговското друштво, санкции, стоки и технологии со двојна употреба, вистински сопственик чиешто значење не е дефинирано во став (1) на овој член, имаат значење утврдено со Законот за трговските друштва, Законот за преземање на акционерските друштва, Законот за рестриктивни мерки, Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*), како и со други правни акти.

Начела за спроведување проверка на СДИ

Член 4

Во постапката за проверка на СДИ, процената на ризикот се врши поединечно за секој предмет, согласно со основните начела на:
1) Законитост - сите дејствија и активности кои се преземаат од страна на надлежните органи и институции да се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија;
2) Транспарентност и недискриминација – барањата, постапката и времетраењето на механизмот на проверка на странските инвестиции да се јавни и да се применуваат на подеднаков ист начин за сите земји;
3) Пропорционалност - во примена на пропишаните овластувања во согласност со овој закон, овластувањата мора да бидат сразмерни на потребите заради кои се преземаат,

при тоа имајќи ја предвид сериозноста на ризиците кои произлегуваат од нивната примена, како и остварувањето на целта со најмалку штетни последици;
4) Ефикасност - во преземањето на дејствијата и активностите, нивното времетраење, како и рационално трошење на јавните средства заради нивно ефективно извршување,
5) Непристрасност - преземање на дејствијата и активностите без какво било влијание на политички, лични и финансиски интереси или пак постоење на какви било случаи на судир на интереси согласно закон и
6) Правна заштита – против актот донесен во прв степен од страна на надлежниот орган, странскиот инвеститор има право да поведе управен спор.

Примена на овој закон и однос спрема другите закони

Член 5

(1) Ако со овој закон не е поинаку уредено, за странските инвеститори ќе се применуваат одредбите на прописите од областа на трговските друштва, преземањето на акционерските друштва, рестриктивните мерки, контролата на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, спречувањето перење пари и финанисирањето тероризам, во однос на прашањата кои се однесуваат на СДИ во Република Северна Македонија.
(2) Во случај на колизија помеѓу одредбите на овој закон и други закони, ќе се применуваат одредбите на овој закон во однос на прашањата кои се предмет на негово уредување.
(3) За прашањата што не се уредени со овој закон во однос на постапката за пријавување и проверка на СДИ и правната заштита, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за управни спорови.

Надлежен орган

Член 6

(1) Министерството за надворешни работи и надворешна трговија (во понатамошниот текст: Министерството) е надлежен орган за пријавување и проверка на СДИ согласно целите од членот 2 од овој закон.
(2) Министерството ги има следните надлежности:
1) Врши претходни консултации со потенцијални инвеститори;
2) Прима и обработува пријави и барања за проверка на СДИ;
3) Спроведува проверки на СДИ;
4) Го координира процесот на меѓуинституционална соработка согласно член 13 од овој закон;
5) Прибавува мислење од органите на државната управа, управни организации, службите на Владата на Република Северна Македонија, други државни органи, правните лица на кои им е доверено вршење јавни овластувања, регулаторните тела, правосудните органи и единиците на локалната самоуправа и други органи во зависност од секторот на инвестицијата и поднесува до Владата на Република Северна Македонија информација со образложена предлог - одлука за СДИ;
6) Води преговори со странскиот инвеститор за условите за одобрување на СДИ;
7) Соработува со Европската Унија и нејзините земји - членки во својство на национална контакт точка за СДИ, како и со други меѓународни организации и институции;
8) Води електронски Регистар на пријавени, одбиени и одобрени СДИ;
9) Врши контрола над спроведувањето на одлуките донесени согласно овој закон;
10) Донесува подзаконските акти за спроведување на овој закон и
11) Врши други работи согласно закон.

Извештај за работа на Министерството

Член 7

Министерството, еднаш годишно доставува извештај во врска со постапките за пријавување и проверка на странски директни инвестиции, до Владата на Република Северна Македонија.

СДИ што подлежат на проверка

Член 8

(1) СДИ може да се реализира со претходно донесена позитивна одлука или условно позитивна одлука од страна на Владата на Република Северна Македонија, за вложување заради стекнување најмалку 10% од основната главнина, и/или правото на глас, но во износ не помал од 50.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, во трговско друштво, сектор или критична инфраструктура, и тоа во:

- трговско друштво што врши производство, истражување, развој, иновации или производство и промет на вооружување со воени стоки согласно закон или дел од основно средство или објект преку кои трговското друштво ги врши активностите;
- секторите и видовите на критична инфраструктура, без разлика дали е физичка или виртуелна, вклучувајќи енергетика, транспорт, вода, здравство, комуникации, медиуми, обработка или складирање на податоци, воздухопловна, одбранбена, изборна или финансиска инфраструктура и чувствителни објекти, како и земјиште и недвижен имот клучни за користење на таквата инфраструктура;
- трговско друштво кое е администратор или оператор на безбедност на мрежни и информациски системи;
- трговско друштво што развива или произведува чуствителни технологии и стоки и технологии со двојна употреба согласно Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, наменети за извоз, трансфер, посредување и транзит или дел од трговското друштво каде се развиваат или произведуваат такви стоки и технологии;
- снабдување со критични влезни материјали, вклучувајќи енергија или суровини, како и безбедност на храната;
- пристап до чувствителни информации, вклучувајќи лични податоци или можност за контрола на таквите информации или
- трговско друштво што дава аудио и аудио-визуелни медиумски услуги, вклучувајќи ги радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; давателите на услуги и платформи за споделување видеа и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, на проверка можат да подлежат и СДИ во други сектори и дејности, поврзани со проекти или програми од интерес за Европската Унија, наведени во подзаконскиот акт од ставот (4) на овој член, доколку истите би можеле да ја загрозат безбедноста, јавниот ред и стратешките интереси на Република Северна Македонија.

(3) Секторите и видовите критична инфраструктура ги уредува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за одбрана.

(4) Списокот на проекти или програми од интерес за Европската Унија, поврзани со СДИ кои можат да подлежат на проверка согласно овој закон, го пропишува министерот за надворешни работи и надворешна трговија.

## Поднесување пријава за СДИ
## Член 9

(1)Инвеститорот кој има намера да реализира СДИ во Република Северна Македонија или домашното трговско друштво во кое се реализира СДИ, која што СДИ е поврзана со трговско друштво, сектор или критична инфраструктура утврдени во членот 8 од овој закон, поднесува пријава до Министерството.
(2)Формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот за надворешни работи и надворешна трговија.

## Претходна постапка
## Член 10

(1) По поднесување на пријава, Министерството проценува дали:
- подносителот на пријавата е странскиот инвеститор согласно овој закон;
- вложувањето е СДИ согласно овој закон и
- вложувањето е во трговско друштво, сектори или критична инфраструктура утврдени во член 8 од овој закон.

(2)Доколку Министерството утврди дека не се исполнети условите од ставот (1) на овој член, ќе го извести подносителот дека неговата инвестиција не потпаѓа под одредбите на овој закон.
(3) Доколку Министерството утврди дека се исполнети условите од ставот (1) на овој член, ќе го извести подносителот дека за истиот ќе продолжи постапката на проверка согласно одредбите на овој закон.
(4) Претходната постапка не може да трае подолго од 15 дена од денот на приемот на пријавата, вклучувајќи го и рокот за известувањата од ставовите (2) и (3) на овој член.

## Поднесување барање
## Член 11

(1) Во случајот кога Министерството ќе го извести подносителот дека за истиот ќе продолжи постапката за добивање согласност, подносителот поднесува барање за добивање согласност за СДИ.
(2) Барањето од ставот (1) на овој член, странскиот инвеститор го поднесува до Министерството во писмена и/или во електронска форма на македонски јазик и неговото кирилско писмо, преку инфорамтичкиот систем за одобрување СДИ од членот 22 од овој закон.
(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член, инвеститорот ги приложува најмалку следните информации и податоци:
- идентификациски податоци за странскиот инвеститор (име/назив, седиште, форма на друштвото, основачки акт, регистарски број, електронска адреса, телефонски број, податоци за законскиот застапник, вклучувајќи состав на органите на управување и надзор, структура на сопственост, вклучувајќи и податоци за краен инвеститор и вистински сопственици, извор на средствата, информации за евентуални санкции под кои е странскиот инвеститор, крајниот инвеститори/или вистинскиот сопственик, податоци за сите поврзани друштва на странскиот инвеститор (име/назив, седиште, регистарски број и опис на дејноста која ја вршат), како и подружници на странскиот инвеститор);
- идентификациски податоци за трговското друштво во Република Северна Македонија во кое се инвестира (име/назив, седиште, форма на друштвото, основачки акт, регистарски број, деловна дејност, структура на сопственост пред и после инвестицијата, податоци за сите поврзани друштва (име/назив, седиште, регистарски број и опис на дејноста која ја вршат), како и подружници на трговското друштво во Република Северна Македонија), а во случаи на статусни промени (спојување, присоединување и поделба), преземања, распогање со удели и акции и други средства и начини со кои се постигнува контролниот

праг во трговското друштво во Република Северна Македонија, се доставуваат податоци за сите учесници во инвестицијата;
- вкупен број вработени кај странскиот инвеститор и трговското друштво во кое се инвестира;
- кодот за тргување со хартиите од вредност на странскиот инвеститор и трговското друштво во кое се инвестира, доколку друштвата котираат на организиран пазар на хартии од вредност;
- производи, услуги и деловни активности на странскиот инвеститор и трговското друштво во кое се инвестира (според Националната класификација на дејностите-НКД Рев.2);
- земји во кои странскиот инвеститор и трговското друштво во кое се инвестира вршат значајни деловни активности;
- детали за инвестицијата (вид на инвестиција - стекнување удел/акции, зголемување на капитал, нова инвестиција, стекнување контрола преку договор, статусна промена, преземање, извор на финансиски средства за инвестицијата, вредност на инвестицијата, процент на сопственост или право на глас што се стекнува, начин на стекнување контрола, временски рамки за реализација на инвестицијата);
- деловен план и цели на инвестицијата вклучувајќи ги очекуваните економски и социјални ефекти;
- предвиден датум на реализација на инвестицијата;
- информации за потенцијалното влијание на инвестицијата врз националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси, вклучувајќи ги потенцијалните ризици поврзани со стоки и технологии со двојна употреба;
- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека странскиот инвеститор и крајниот инвеститор не се предмет на санкции или други рестриктивни мерки донесени од страна на Европската Унија или Обединетите Нации;
- ревидирани финансиски извештаи за сите учесници во инвестицијата, за последните три години, доколку се основани пред најмалку три години и
- директниот или индиректниот влог на странскиот инвеститор во сопственоста и правото на глас во трговското друштво во кое се инвестира или соодветното влијание пред и по извршувањето на странската инвестиција, вклучително и информации за уделите/акциите на лица кои се под заедничко управување и лица кои постапуваат заеднички.

(4) Документацијата од став (3) на овој член, се доставува во оригинал или заверена копија на нотар, преведени на македонски јазик од овластен преведувач.

(5) Формата, содржината и начинот на поднесување на барањето за добивање на согласност, како и потребната документација ги пропишува министерот за надворешни работи и надворешна трговија.

## Постапка по поднесување на барањето

## Член 12

(1) По приемот на барањето за добивање согласност за СДИ, Министерството во рок од седум дена од денот на доставување на барањето, цени дали барањето и документацијата се комплетни согласно член 11 од овој закон, за што му издава потврда за комплетност на документацијата.

(2) Доколку барањето за добивање согласност за СДИ не е комплетно, Министерството го известува странскиот инвеститор дека е потребно да се дополни барањето со потребната документација во рок од 15 дена од денот на доставувањето на известувањето.

(3) Доколку странскиот инвеститор не го дополни барањето со потребната документација во утврдениот рок во став (2) на овој член, Министерството ќе го отфрли барањето како некомплетно.

(4) По комплетирање на барањето и потребната документација, Министерството ќе го извести електронски и/или во хартиена форма, подносителот дека за истиот ќе продолжи постапката за добивање согласност.

Меѓуинституционална соработка
Член 13

(1) Во случај кога Министерството ќе го извести подносителот дека за истиот ќе продолжи постапката за добивање согласност согласно член 10 став (3) од овој закон, Министерството во процесот на проверка на СДИ задолжително бара мислење од Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање, Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Народната банка на Република Северна Македонија и од Комисијата за заштита на конкуренција, кои треба да дадат мислење исклучиво согласно своите законски надлежности.
(2) Во зависност од критичната инфрастуктура и секторот на инвестицијата, освен од органите од ставот (1) на овој член, Министерството во процесот на проверка на СДИ може да бара мислење и од други органи на државната управа, управни организации, службите на Владата на Република Северна Македонија, други државни органи, правни лица на кои им е доверено вршење на јавни овластувања, регулаторни тела, правосудни органи и единиците на локалната самоуправа.
(3) Органите и институциите од ставовите (1) и (2) на овој член, се должни да достават писмено, стручно и образложено мислење во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за давање на мислење до Министерството. Министерството може да го продолжи рокот за уште најмногу 15 дена врз основа на образложено барање од страна на органите и институциите од ставовите (1) и (2) на овој член.
(4) Доколку органот или институцијата од ставовите (1) и (2) на овој член, не му достави на Министерството мислење во рокот од став (3) на овој член, не достави оправдано барање за продолжување на рокот или ако не достави мислење во продолжениот рок ќе се смета дека нема забелешки, а Министерството може да процени дали да продолжи со постапката и да предложи донесувањена образложена одлука врз основа на расположливите информации.
(5) Министерството може да побара мислење за СДИ и од експерти од соодветната област во согласност со членот 8 став (1) од овој закон.

Постапка на проверка
Член 14

(1) При проверката на СДИ, Министерството ги зема предвид сите релевантни информации и критериуми утврдени во овој закон, како и мислењата и информациите добиени од надлежните државни органи и институции и експерти од членот 13 од овој закон. За СДИ поврзани со трговски друштва чија дејност е производство на стоки и технологии со двојна употреба, проверката на СДИ не ја исклучува обврската за добивање лиценца за извоз согласно Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба. За странските инвеститори, Министерството ги проверува Листите на санкционирани лица и субјекти на Советот за безбедност на Обединетите Нации и Европската Унија.
(2) Министерството може да спроведе детална проверка, која вклучува анализа на структурата на сопственост на странскиот инвеститор, неговата финансиска моќ, угледот и евентуалните поврзаности со Влади на други држави или субјекти кои претставуваат ризик за националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси.
(3) Министерството може да организира состаноци и интервјуа со странскиот инвеститор и претставници на трговското друштво во Република Северна Македонија во кое се

инвестира. Во случај на потреба од дообјаснување, Министерството може да го повика странскиот инвеститор или трговското друштво да даде дополнителни објаснувања во писмена форма и да достави дополнителни докази во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(4) Проверката се спроведува во согласност со прописите од областа која потпаѓа во надлежност на органите и институциите од членот 13 ставови (1) и (2) од овој закон, почитувајќи ги правата и интересите на странскиот инвеститор. Министерството обезбедува заштита на деловната тајна на странскиот инвеститор и трговското друштво.

(5) Постапката на проверка започнува од денот на издавањето на потврдата од членот 12 став (1) од овој закон, по комплетирање на пријавата со документацијата. Времетраењето на деталната проверка од ставот (2) на овој член, не може да биде подолго од 60 дена од денот на приемот на комплетната пријава, со можност за продолжување за уште 30 дена во исклучителни случаи, поради сложеноста на инвестицијата или случаи на статусни промени (спојување, присоединување и поделба) на трговско друштво со значајно влијание на пазарот или потреба за дополнителни проверки и консултации со други органи, за што Министерството го известува странскиот инвеститор за продолжувањето со образложение, пред истекот на рокот од 60 дена.

Критериуми за проверка

Член 15

(1) При проверката на СДИ, органите и институциите од член 13 ставови (1) и (2) од овој закон, применуваат пропорционален пристап, водејќи сметка за природата, обемот, потенцијалното влијание и ефектите на инвестицијата врз:

1) Националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси, особено во однос на:

- функционирањето на критичната инфраструктура, нејзината сигурност и отпорност;
- безбедноста на снабдувањето со енергија, вода, храна и други клучни ресурси;
- заштита на животот и здравјето на населението;
- заштитата на сајбер просторот и критичните информациски системи;
- воената индустрија и индустријата за цивилна заштита;
- потенцијалот за ризик од криминални активности, вклучувајќи перење пари и финансирање тероризам;
- влијанието врз стратешките објекти и имоти од значење за националната безбедност;
- влијание врз контролата на производи со двојна употреба и ризикот од злоупотреба и
- заштита од инвеститори од земји со висок ризик;

2) Безбедноста и сигурноста на снабдувањето во критични сектори согласно подзаконскиот акт од член 8 став (3) од овој закон, во однос на:

- зависноста од странски добавувачи;
- потенцијалот за нарушување на синџирите на снабдување и
- достапноста на алтернативни извори на снабдување;

3) Пристапот до и контролата на чувствителни информации, особено во однос на:

- лични податоци на значителен број на граѓани;
- доверливи владини информации и класифицирани податоци;
- интелектуална сопственост од стратешко значење и
- истражувачки податоци и технологии од јавен интерес;

4) Развојот и употребата на чувствителни технологии, особено во однос на:

- потенцијалот за нивна злоупотреба;
- заштитата на националните интереси во областа на истражувањето и развојот и
- влијанието врз технолошкиот развој на државата;

5) Прашања поврзани со заштита на конуренцијата во рамки на надлежностите на Комисијата за заштита на конкуренцијата, согласно Законот за заштита на конкуренцијата, особено во однос на:
- постоење елементи кои согласно Законот за заштита на конкуренцијата можат да претставуваат концентрација и за кои е предвидена посебна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата;
- создавањето доминантна позиција на странски инвеститор на домашниот пазар и
- влијанието врз малите и средни претпријатија;
6) Економската и финансиската стабилност, особено во однос на:
- потенцијалот за нарушување на економската активност во клучни сектори преку преземање контрола над трговски друштва кои се од витално значење за економијата на Република Северна Македонија, што може да доведе до негативни последици врз вработеноста и економскиот раст;
- потенцијалот за создавање или зголемување системски ризик, како и влијанието врз работењето на системски значајни финансиски институции и системски значајни платни системи, како и пазари на капитал;
7) Влијанието врз стратешките интереси на Република Северна Македонија, земајќи ги предвид пошироките политички, економски и социјални импликации на инвестицијата;
8) Контролата на странскиот инвеститор, особено дали странскиот инвеститор е директно или индиректно контролиран од Влада на трета земја, вклучително и преку значително финансирање, сопственичка структура или други средства на влијание и дали правната рамка на третата земја обезбедува реципроцитет и почитување на начелото на владеење на правото;
9) Дали странскиот инвеститор, крајниот сопственик или било кое поврзано лице во сопственичката структура е под санкции донесени од страна на Советот за безбедност на Обединетите Нации и Европската Унија и
10) Угледот на странскиот инвеститор, вклучувајќи ја неговата инволвираност во активности кои влијаат на националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси во Република Северна Македонија и/или во други земји.
(2) При проверката на СДИ, органите и институциите од член 13 ставови (1) и (2) од овој закон ги применуваат критериумите од ставот (1) на овој член исклучиво во рамките на нивните надлежности утврдени со закон, при што нивните мислења не претставуваат спроведување на постапки или донесување на одлуки кои согласно посебен закон се во нивна исклучива надлежност.
(3) Деталните критериуми за проверка на СДИ ги уредува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството.

Постапка за условување, прифаќање и одбивање
Член 16

(1) Во постапката на проверка, доколку Министерството добие мислење од органите и институциите од член 13 ставови (1) и (2) од овој закон, кое укажува дека СДИ треба да биде условена, пред да ја достави информацијата со образложена предлог-одлука до Владата на Република Северна Македонија, ќе води преговори за условена согласност со странскиот инвеститор. Преговорите се дел од управната постапка и се водат во писмена форма од овластено лице определено со управен акт на министерот за надворешни работи и надворешна трговија.
(2) Целта на преговорите е да се отстрани потенцијалниот ризик на инвестицијата во однос на националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси во Република Северна Македонија.
(3) При секое понатамошно зголемување на уделот, односно акциите со право на глас или соодветното влијание во трговското друштво или при секоја промена или

проширување на предметот на дејноста на странскиот инвеститор или трговското друштво, странскиот инвеститор има обврска повторно да бара мислење од Министерството.
(4) Преговорите не можат да траат подолго од 30 дена од денот на нивното започнување. По истекот на овој рок, Министерството е должно да достави предлог-одлука до Владата на Република Северна Македонија, без оглед на резултатот од преговорите.
(5) Доколку странскиот инвеститор не соработува со Министерството за време на преговорите за условена согласност, Министерството доставува до Владата на Република Северна Македонија, Информација со образложена негативна предлог-одлука.
(6) Министерството времено ќе ја запре постапката за проверка на СДИ за времетраењето кое е потребно за водење на преговорите помеѓу Министерството и странскиот инвеститор.

Постапка за одбивање во случаи на закана за националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси на Република Северна Македонија,

Член 17

(1) Во постапката на проверка, доколку Министерството добие мислење од органите и институциите од член 13 ставови (1) и (2) од овој закон, со укажување дека СДИ може да претставува закана за националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси на Република Северна Македонија или ако согласно направената проверка Министерството има причина да верува во тоа, во рок од 60 дена од денот на поведувањето на постапката за проверка на СДИ, ќе достави информација со образложена негативна предлог-одлука до Владата на Република Северна Македонија.
(2) Рокот од став (1) на овој член може да се продолжи за најмногу 30 дена во случај на особено сложен предмет, за кој се потребни дополнителни меѓуинституционални проверки.
(3) При подготовка на Информацијата со образложена негативна предлог-одлука, Министерството ги зема во предвид можните последици од странската инвестиција согласно критериумите од член 15 од овој закон, а доколку е соодветно, зема во предвид и други факти кои се значајни за заштитата на националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси на Република Северна Македонија.
(4) Владата на Република Северна Македонија донесува образложена негативна одлука, односно одлука за одбивање на барањето на странскиот инвеститор, согласно доставената Информација од ставот (1) на овој член.

Одлука на Владата на Република Северна Македонија

Член 18

(1) Во постапката на проверка, доколку Министерството добие позитивни мислења од органите и институциите од член 13 ставови (1) и (2) од овој закон, односно мислења дека СДИ не претставува закана за националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси на Република Северна Македонија, во рок од 60 дена од денот на поведувањето на постапката за проверка на СДИ, ќе достави Информација со образложена предлог-одлука за прифаќање на барањето до Владата на Република Северна Македонија.
(2) Владата на Република Северна Македонија донесува одлука, врз основа на Информација од Министерството, која може да биде:
- позитивна, со која се одобрува СДИ, доколку не се утврдат ризици за националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси на Република Северна Македонија;
- условно позитивна, со која се одобрува СДИ, но со поставување специфични услови и обврски за странскиот инвеститор, доколку се утврдат потенцијални ризици кои можат да се минимизираат или избегнат со поставување јасни и пропорционални услови и обврски кои може да се однесуваат на мерки за заштита на критичната инфраструктура,

обезбедување континуитет на снабдување, заштита на чувствителни информации, запазување на правилата за конкуренција, гаранции за независност на работењето, ограничувања за извоз, посредување, транзит, трансфер и помошни услуги поврзани со стоки и технологии со двојна употреба и други аспекти релевантни за заштита на националните интереси и
- негативна, со која се забранува или одбива барањето за одобрување СДИ, доколку се утврди дека инвестицијата претставува реална и сериозна закана за националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси на Република Северна Македонија, како и дека тие закани не можат да се елиминираат или минимизираат со поставување услови и обврски.
(3) Одлуките од став (2) на овој член, од страна на Министерството се доставуваат до странскиот инвеститор и до домашното трговско друштво во кое се реализира инвестицијата, веднаш, без одлагање, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на нивното донесување.

Надзор и мерки за спроведување на одлуките

Член 19

(1) Надзор над спроведување на одлуките од членот 18 од овој закон, врши Министерството. За потребите на надзорот, Министерството може да бара податоци, информации и документација од странскиот инвеститор, трговското друштво и од други надлежни институции.
(2) Во случај на непочитување на одлуката на Владата на Република Северна Македонија од член 18 од овој закон, од страна на странскиот инвеститор и во случаи кога странската директна инвестиција не била пријавена иако постоела законска обврска за тоа, на предлог на Министерството, Владата на Република Северна Македонија донесува образложена одлука со конкретни мерки:
- за забрана на понатамошното странско вложување,
- за забрана или ограничување на остварувањето на правото на сопственост и/или правата од сопственост или гласачките права на странскиот инвеститор во целното трговско друштво,
- налог за продажба на целното трговско друштво, целниот објект или акциите, односно уделот во целното трговско друштво, доколку тоа е неопходно за обезбедување на националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси на Република Северна Македонија во определен рок и
- други мерки согласно закон.

Промена на контролата или сопственоста

Член 20

(1) Доколку по извршувањето на СДИ дојде до промена на физичкото лице или трговското друштво што врши контрола врз странскиот инвеститор и доколку таа промена овозможи странскиот инвеститор да биде контролиран од тоа лице, се применуваат постапките од членот 8 од овој закон или членот 21 од овој закон, во зависност од областа под која потпаѓа СДИ.
(2) Странскиот инвеститор од ставот (1) на овој член има обврска за пријава на секоја наредна промена, по донесување на одлуката на Владата на Република Северна Македонија од членот 18 од овој закон, до Министерството.

Постапка по службена должност за проверка на СДИ

Член 21

(1) Министерството, за СДИ кои не се опфатени со членот 8 од овој закон, може по службена должност да спроведе постапка за проверка на веќе реализирани СДИ, доколку

постојат индиции дека истите ги загрозуваат националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси на Република Северна Македонија.
(2) Индициите од ставот (1) на овој член постојат особено кога:
- се утврдени нови факти за сопственичката или контролната структура на странскиот инвеститор;
- се утврди поврзаност со рестриктивни мерки, санкции или субјекти со безбедносен ризик;
- се утврди дека постапката е избегната, заобиколена или дека се дадени неточни, нецелосни податоци или податоци кои довеле до заблуда;
- настанале нови безбедносни, геополитички или економски околности што суштински ја менуваат процената на ризикот;
- дошло до промена на контролата, сопственоста или влијанието врз странскиот инвеститор или трговското друштво.
(3) Постапката за проверка од ставот (1) на овој член може да се поведе врз основа на информација или иницијатива на надлежен државен орган, регулаторно тело или по сознанија на Министерството, за што странскиот инвеститор се известува во рок од седум дена.
(4) Постапката за проверка од ставот (1) на овој член, може да се спроведе во рок од пет години од денот на завршувањето на странското инвестирање, доколку странскиот инвеститор не извршил претходни консултации со Министерството.
(5) За целите од ставот (4) на овој член, зависно од тоа кој од наведените датуми е подоцнежен, за датум на завршување на странското инвестирање се смета:
- датумот на склучување на договорот или на последниот од договорите чија цел е извршување на странското инвестирање,
- датумот на стекнување ефективен степен на контрола врз вршењето на економската дејност или
- датумот на започнување на економската дејност.
(6) Заедно со известувањето за поведување постапка по службена должност согласно ставовите (1) и (4) на овој член, Министерството определува рок што не може да биде подолг од 15 дена од денот на доставувањето на известувањето, во кој рок странскиот инвеститор е должен да му ги достави на Министерството информациите и податоците од членот 11 од овој закон.
(7) Постапката од ставот (1) на овој член се спроведува согласно одредбите од овој закон што се однесуваат на проверка на СДИ, при што Министерството има овластување да прибира информации, бара документација и соработка од органите и институциите од член 13 ставови (1) и (2) од овој закон и од други надлежни органи, институции, експерти, како и од странскиот инвеститор.
(8) При проверката, доколку се утврди дека реализираната СДИ ги загрозува националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси, Владата на Република Северна Македонија може, по предлог на Министерството, да донесе негативна одлука односно одлука за забрана на понатамошното постоење на СДИ, согласно член 18 став (2) алинеја 3 од овој закон.

Информатички систем за одобрување на СДИ
Член 22

(1) Министерството воспоставува, развива и одржува сеопфатен информатички систем за одобрување на СДИ, со база на податоци за пријавени, одбиени и одобрени СДИ.
(2) Пристапот до информациите содржани во базата на податоци од ставот (1) на овој член е ограничен.
(3) Право на пристап до информациите од базата на податоци имаат органите од член 13 став (1) од овој закон.

(4)Министерството ќе одобри пристап до информации содржани во базата на податоци на други органи на државната управа, доколку:
- за тоа имаат оправдан интерес,
- тоа не е во спротивност со Законот за класифицирани информации (*),
- со тоа не се повредува деловна тајна и
- со тоа не би можело да се наштети на интересите на лицето кое ги доставило информациите за кои се бара пристап.

Регистар на пријавени, одбиени и одобрени СДИ
Член 23
(1) Министерството води Регистар на пријавени, одбиени и одобрени СДИ, во електронска форма, при што јавниот дел од Регистарот не содржи класифицирани податоци или деловни тајни.
(2) Формата, содржината, степенот на јавност и начинот на водење на Регистарот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за надворешни работи и надворешна трговија.

Правни лекови
Член 24
(1) Одлуката на Владата на Република Северна Македонија од член 18 од овој закон, е конечна и против истата не е дозволена жалба.
(2) Против одлуката на Владата на Република Северна Македонија од членот 18 од овој закон, странскиот инвеститор има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежниот суд во согласност со Законот за управни спорови.
(3) Тужбата од ставот (2) на овој член не го одложува извршувањето на одлуката од ставот (1) на овој член, освен ако судот не одлучи поинаку со решение, по предлог на странскиот инвеститор.

Користење податоци
Член 25
(1) Во постапката на проверка на СДИ, Министерството ги користи податоците од базите на:
- Централниот регистар на Република Северна Македонија и Овластениот депозитар за хартии од вредност, врз основа на склучен меморандум за соработка и
- Централниот регистар на население и останатите регистри и ИТ системи на државните институции во Република Северна Македонија, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.
(2) Министерството има обврска да прибира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се потребни за проверка на СДИ, во согласност со прописите од областа на заштита на личните податоци.

Заштита на класифицирани и чуствителни информации
Член 26
Министерот за надворешни работи и надворешнта трговија, вработените во Министерството, вработените во органите и институциите и експертите од член 13 од овој закон, се должни да ги чуваат како деловна тајна, податоците и информациите до кои дошле во својата работа при проверка на СДИ, како за време на вработувањето, односно ангажманот, така и по неговото завршување, а кои претставуваат лични податоци или класифицирани информации во согласност со закон.

Пристап до досие и заштита на доверливи деловни информации

Член 27

(1) Делови од предметното досие кои содржат деловна тајна, банкарска тајна или слични класифицирани информации заштитени со закон, се исклучени од правото на увид во досието и не претставуваат информации од јавен карактер.

(2) Доколку имателите на информации од член 13 од овој закон, добијат барање за пристап до информација од ставот (1) на овој член, ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведен тест на штетност согласно закон, со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

(3) Ако документот или негов дел содржи информации од ставот (1) на овој член, што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информациите ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.

Обврска за доверливост

Член 28

Сите лица кои, во врска со постапките или консултациите спроведени согласно овој закон, дознале факти што мора да останат тајни во интерес на заштитата на националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси на Република Северна Македонија или во интерес на други лица или други земји-членки на Европската Унија или трети земји, се должни да ја почитуваат обврската за доверливост во однос на тие факти.

Ограничување на пристапот до информации

Член 29

Мислењата, информациите, како и податоците од Регистарот од членот 23 од овој закон, обезбедени согласно овој закон, не се предмет на постапување согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, освен во случаите утврдени во член 27 ставови (2) и (3) од овој закон.

Комуникација и соработка со Европската Унија

Член 30

Министерството е национална контакт-точка за комуникација и соработка со Европската комисија и земјите-членки на Европската Унија и со други релевантни меѓународни субјекти во спроведувањето на овој закон, особено во размената на информации, искуства и најдобри практики во областа на проверка на СДИ, вклучувајќи и размена на информации за странски инвеститори кои се предмет на санкции.

Надзор над спроведувањето на овој закон

Член 31

Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството.

Прекршочен орган

Член 32

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Надлежност за поведување прекршочна постапка има Министерството.

## Прекршочни одредби

## Член 33

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за микро трговец, глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 6.000 до 8.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 8.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му се изрече на правното лице, доколку:

- не ја пријави СДИ во согласност со членот 9 став (1) од овој закон,
- достави неточни или нецелосни податоци во пријавата за СДИ од членот 9 од овој закон и
- достави неточни или нецелосни податоци или документација во прилог кон барањето за добивање согласност за СДИ од членот 11 став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност за микро трговец, глоба во износ од 15.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 20.000 до 25.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 25.000 до 30.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му се изрече на правното лице, доколку:

- ја спроведе СДИ пред да добие позитивна одлука од Владата на Република Северна Македонија, доколку таквата одлука е потребна согласно членот 8 став (1) од овој закон,
- нема побарано повторно мислење од Министерството во случаите предвидени во членот 16 став (3) од овој закон,
- не ги исполни условите и обврските утврдени во условно позитивната одлука на Владата на Република Северна Македонија согласно членот 18 став (2) алинеја 2 од овој закон,
- го спречува надзорот над спроведување на одлуките, од страна на Министерството согласно членот 19 став (1) од овој закон,
- не постапи по одлуката на Владата од членот 19 став (2) од овој закон,
- не ја исполни мерката наложена со негативната одлука односно одлуката за забрана на понатамошно постоење на СДИ според членот 21 став (8) од овој закон и
- ја спречува постапката за проверка на веќе реализирана СДИ согласно членот 21 став (1) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговец, глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 5.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за микро трговец, глоба во износ од 6.000 до 7.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 7.000 до 8.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 8.000 до 9.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (2) на овој член.

(5) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршоците од став (1) на овој член.

(6) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на странскиот инвеститор - физичко лице за прекршоците од став (2) на овој член.

(7) Покрај глобата од ставовите (3) и (4) на овој член, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од три месеци до една година.

(8) За дејствијата од ставот (2) на овој член, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење одделна дејност во траење од три месеци до една година.

(9) За дејствијата од ставот (2) на овој член, на правното лице покрај глобата, може да се изрече и мерка одземање на имотната корист стекната со прекршокот.

Воспоставување на Информатички систем за одобрување на СДИ
и Регистар на пријавени, одбиени и одобрени СДИ
Член 34

Информатичкиот систем за одобрување на СДИ од членот 22 од овој закон и Регистарот на пријавени, одбиени и одобрени СДИ од членот 23 од овој закон ќе се воспостават во рок од шест месеци од денот на отпочнувањето на примената на овој закон.

Склучување на Меморандуми за соработка
Член 35

Министерството ќе склучи Меморандуми за соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија и Овластениот депозитар за хартии од вредност согласно членот 25 став (1) алинеја 1 од овој закон во рок од три месеци од денот на отпочнувањето на примената на овој закон.

Подзаконски акти
Член 36

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на отпочнувањето на примената на овој закон.

Престанок на важење на овој закон со денот на пристапувањето на
Република Северна Македонија во Европската Унија
Член 37

Овој закон престанува да важи со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Влегување во сила и одложена примена на овој закон
Член 38

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува по 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предмет на уредување на овој закон е постапката за пријавување и проверка на СДИ во Република Северна Македонија со цел да се заштитат националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси, како и надлежностите на институциите и телата за спроведување на одредбите од овој Закон.

Надлежен орган за пријавување и проверка на СДИ согласно овој закон, се предлага да биде Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, кој по претходна спроведена постапка на консултации со надлежните институции (МО, МВР, МФ, АНБ, МЕРМС, МЕТ, НБРМ, КЗК и др.) и дава предлог на Владата, да одлучи дали одредена СДИ треба да биде дозволена, дозволена под одредени услови, или одбиена. Против одлуката на Владата инвеститорот има право да поведе управен спор пред надлежниот суд во согласност со Законот за управни спорови.

Според Предлогот на закон, СДИ може да се реализира со претходно донесена согласност за вложување заради стекнување најмалку 10% од основната главнина и/или правото на глас, но во износ не помал од 50.000 евра во трговско друштво, сектор или критична инфраструктура и тоа во:

- трговско друштво што врши производство, истражување, развој, иновации или производство и промет на вооружување со воени стоки согласно закон, или дел од основно средство или објект преку кои трговското друштво ги врши активностите;
- секторите и видовите на критична инфраструктура, без разлика дали е физичка или виртуелна, вклучувајќи енергетика, транспорт, вода, здравство, комуникации, медиуми, обработка или складирање на податоци, воздухопловна, одбранбена, изборна или финансиска инфраструктура и чувствителни објекти, како и земјиште и недвижен имот клучни за користење на таквата инфраструктура;
- трговско друштво кое е администратор или оператор на безбедност на мрежни и информациски системи;
- трговско друштво што развива или произведува чуствителни технологии и стоки и технологии со двојна употреба согласно Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, наменети за извоз, трансфер, посредување и транзит, или дел од трговското друштво каде се развиваат или произведуваат такви стоки и технологии;
- снабдување со критични влезни материјали, вклучувајќи енергија или суровини, како и безбедност на храната;
- пристап до чувствителни информации, вклучувајќи лични податоци, или можност за контрола на таквите информации или
- трговско друштво што дава аудио и аудио-визуелни медиумски услуги, вклучувајќи ги радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; давателите на услуги платформи за споделување видеа и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите.

По исклучок на горенаведеното, на проверка можат даподлежат и СДИ во други сектори и дејности, поврзани со проекти или програми од интерес за Европската Унија, утврдени со подзаконски акт од страна на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, врз основа на Анексот I од Регулативата на ЕУ 2019/452, доколку истите би можеле да ја загрозат безбедноста, јавниот ред и стратешките интереси на Република Северна Македонија.

Инвеститорот кој има намера да реализира СДИ во земјата или домашното трговско друштво во кое се реализира инвестицијата, има обврска да поднесе пријава до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Критериумите за проверката на СДИ од страна на надлежните институции се поделени во десет области и тоа:
1. Националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси;
2. Безбедноста и сигурноста на снабдувањето во критични сектори согласно од овој Закон;
3. Пристапот до и контролата на чувствителни информации;
4. Развојот и употребата на чувствителни технологии;
5. Прашања поврзани со заштита на конуренцијата, согласно Законот за заштита на конкуренцијата;
6. Економска и финансика стабилност;
7. Влијанието врз стратешките интереси на Република Северна Македонија, земајќи ги предвид пошироките политички, економски и социјални импликации на инвестицијата;
8. Контролата на странскиот инвеститор, особено дали странскиот инвеститор е директно или индиректно контролиран од влада на трета земја, вклучително и преку значително финансирање, сопственичка структура или други средства на влијание, и дали правната рамка на третата земја обезбедува реципроцитет и почитување на начелото на владеење на правото;
9. Дали странскиот инвеститор, крајниот сопственик или било кое поврзано лице во сопственичката структура е под санкции донесени од страна на Советот за безбедност на Обединетите Нации и Европската Унија и
10. Угледот на странскиот инвеститор, вклучувајќи ја неговата инволвираност во активности кои влијаат на националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси во РС Македонија и/или во други земји.

Времетраењето на постапката за проверка на СДИ треба да биде најмалку 90 дена, со дополнителен рок за постапување од страна на Владата.

Надзорот над спроведување на одлуките на Владата, се предлага да го врши Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, кој во случај на нивно непочитување од странскиот инвеститор, Владата може да го забрани понатамошното странско вложување, да го забрани или ограничи остварувањето на правото на сопственост или гласачките права на странскиот инвеститор во целното трговско друштво, како и да донесе други мерки согласно закон.

Со Предлогот на закон се воведува можност Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, да може по службена должност да спроведува постапка за проверка на веќе реализирани СДИ, кои не се опфатени со членот 8, доколку постојат индиции дека истите ги загрозуваат националната безбедност, јавниот ред и стратешките интереси на нашата земја. Постапката за проверка може да се спроведе во рок од пет години од денот на завршување на странското инвестирање, доколку странскиот инвеститор не извршил претходни консултации со надлежниот орган.

Предлогот на закон предвидува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да воспостави, развие и одржува сеопфатен информатички систем за одобрување странски директни инвестиции, со база на податоци за пријавени, одбиени и одобрени странски директни инвестиции.

Со Предлогот на закон се предвидува и соодветна заштита на лични и доверливи информации до кои е дојдено, во текот на спроведување на постапката за проверка на СДИ од страна на надлежните институции.

Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, се предлага да го врши Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Со Предлогот на закон се предвидени прекршочни санкции во форма на глоба, времена забрана за вршење дејност и одземање имотна корист, во случај непочитување на одредбите од истиот, така што за прекршоците утврдени во овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд. Надлежноста за поведување прекршочна постапка ја има Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Во преодните и завршни одредби од Предлогот на закон се предлага одолжена примена на законот и тоа во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот Закон ќе се овозможи поголема безбедносна заштита на нашата земја, усогласување со европските стандарди, подобра позиција во процесот на пристапување во ЕУ, но и потенцијално забавување или селекција на одредени инвестиции, како и потреба од силни и професионални институции.